# Договор

За засновање на претплатнички однос за обезбедување пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на интернет услуги

20.10. 2015

Архивски број :
Договор бр. ______________ Склучен на ден ____.____.______година, помеѓу
1605-167

КТВ "Спајдер" ДООЕЛ од Гевгелија на ул. Ристо Фршинин бр. 5 со ЕДБ 4006001113600 и жиро сметка 210-0554509901-98 во Тутунска Банка Скопје, во понатамошниот текст ОПЕРАТОР , и
Име и презиме ________________________________________ ЕМБГ ______________
Адреса ______________________________________________ Бр. л.к. ______________
Место ______________ тел ______________ во понатамошниот текст ПРЕТПЛАТНИК.

Член 1

**Предмет и цел на договорот**

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на Операторот, како оператор на јаана комуникациска мрежа од една страна и Претплатникот, како краен корисник на услуги од јавна кабелска мрежа од друга страна.

Целта на овој договор е засновање на претлплатнички однос за обезбедување на кабелски и оптички интернет пристап преку јавна кабелска мрежа, под услови утврдени согласно овој Договор и Законот за електронски комуникации.

Член 2

**Дефинирање на услугата која ја дава операторот**

Со склучување на овој договор, Претплатникот добива право на користење на услугите што ги обезбедува Операторот, согласно тарифниот модел кој го избрал, а кои се вклучени во цената на месечната претплата за тој тарифен модел. Претплатникот може најмногу еднаш месечно да побара промена на тарифниот модел, за што плаќа надоместок, согласно Ценовникот на Операторот. Целосната опрема за приклучок како и изнајмениот :

- кабелски модем
- оптички приемник ONU ( optical network unit )

остануваат во сопстаеност на Операторот.

Член 3

**Времетраење на договорот**

Овој договор се склучува во времетраење од

- 1 годнна односно 12 месеци
- 2 години односно 24 месеци
- неопределено време

од датумот на неговото потпишување. Договорот св смета за склучен и стапува на сила со денот на потпишување од двете договорни страни, а правата и оберските на договорните страни кои произлегуваат од претпалтничкиот договор важат од денот на активирање на услугата.

Операторот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на задолжителното врвметраење на договорот писмено ќе го извести претплатникот дека му истекува истиот.

По истекот на задолжителното времетраење на договорт истиот продолжува на неопределен временски рок согласно важечкиот цвновник и понуда на операторот.

Договорот на неопределен временски рок, претплатникот може да го раскине во било кое време со поднесување на барање за раскинување на договор. Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено барање за раскинување на претплатнички договор. Барањето се доставува до операторот во пишана форма.

Барањето треба да ги содржи најмалку следниве податоци:

- име или назив на претппатникот;
- матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица;
- адреса на претплатникот;
- епектронска комуникациска услуга (тарифен модел/ пакет/ претплатнички број и др.)

СПАЈДЕР ДООЕЛ ГЕВГЕЛИЈА

- датумот на раскинување на претплатничкиот договор, кој не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесување на барањето.

Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање.

Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник

Претплатникот може да го раскине истиот без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот, само во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор. Во овој случај покрај Барање за раскинување на Претплатничкиот Договор во кое претплатникот ги пишува своите податоци , потребно е да се наведе и причината за предвремено раскинување на Претплатничкиот Договор.

Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на претплатникот.

При раскинување на претплатничкиот договор, претплатникот треба да ги врати комуникациските средства во сопственост на операторот во исправна состојба, која ја утврдува операторот при преземањето на средствата.

Операторот може да го раскине претплатничкиот договор, особено:

- Поради повреда на условите наведени во претплатничкиот договор;
- во случај на смрт на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од шест месеци;
- кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар;
- во случај на стечај или ликвидација, или неликвидност на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на операторот;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на претплатникот за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- доколку операторот не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од три месеци.

Операторот може да го раскине договорот во рок од 30 дена поради непочитување и злоупотреба на одредбите на договорот, како и поради ненавремено плаќање на обврските на корисникот кон операторот повеќе од 2 месеци.

## Член 4

### Права и обврски на Операторот

- Барањето за склучување на претплатнички договор се доставува на начин и образец пропишан од страна на операторот, во кој се наведени сите потребни документи кои барателот е должен да му ги достави на операторот.
- Операторот треба во рок утврден од негова страна, во пишана форма да го извести подносителот на барањето за постоењето, односно не постоењето на техничка можност со наведување на причините за одбивање на барањето.

-Врз основа на позитивно одговореното Барање од страна на КО за постоење на техничка можност за приклучување на Корисникот, КО се обврзува да изврши приклучување на Корисникот кон интернет мрежата во рок од 7 дена од потпишување на овој Договор со што на корисникот ќе му овозможи (односно нема да му попречи) квалитетен прием на сигнал непрекинато дваесет и четири (24) часа дневно.

- Корисникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана на неговиот имот, а во случај на оштетување сам подлежи на одговорност. Во случај на раскинување на овој договор од страна на корисникот, средствата дадени за приклучок не се враќаат.
- Во рамките на техничките можности Операторот е должен да овозможи неповредливост и заштита на тајноста на податоците во мрежата како и тајност на личните податоци на претплатникот. Операторот има право да дааа податоци на лица со посебни овластувања и во постапки поткрепени со решенија на надлежните институции.
- Операторот не сноси одговорност за евентуален пренос на дефекти на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила . При невреме (громотевици) се препорачува струјниот, антенскиот , мрежниот приклучок да бидат извадени од терминалната опрема.
- Операторот има право да ги чува, обработува и користи личните податоците на Претплатникот за свои потреби согласно законските прописи, а во случај на нарушување на нивната безбедност да дејствува во согласност со членот 167 од ЗЕК.
- Операторот има право, доколку е потребно, да побара од Претплатникот да му достави точни, целосни и ажурирани лични податоци
- Операторот е обврзан да доставува лични податоци од Претплатникот само по барање на надлежен орган или за целосниот телефонски именик во согласност со членовите 94 и 112 од ЗЕК.
- Операторот е должен да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и особено треба да содржи податоци за име, презиме и адреса, матичен број или број на патна исправа, а за правното лице назив и седиште на правно лице како и даночниот број на правното лице.
- При раскинување на договорот, податоците наведени во него се чуваат за период од една година од денот на издавање на последната сметка на претплатникот за обезбедените услуги.

- Корисникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап (на лица овластени од операторот кои претходно ќе се легитимираат) во своите простории / станот, во кои ќе се изврши монтажа, преглед или мерења на мрежата и да не го попречува спроведувањето на кабелот од операторот од својот до соседните објекти.

- Корисникот се обврзуеа дека нема да ерши самостојно отстранување на евентуални дефекти на мрежата и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на мрежата дури и ако биде исклучен од неа, како и да известува за евентуални оштетувања на мрежата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.

- Корисникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на мрежата. Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од мрежата без враќање на уплатените средства.

- Операторот се обврзува дека по извршувањето на работите околу приклучокот ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата, оепраторот е должен да пристапи кон отстранување на истиот во рок од 24 часа до најдоцна 7 дена од неговото пријавување.

- По барање на Претплатникот, Операторот ќе обезбеди технчка можност за забрана на пристап до одредени страни или ќе обезбеди код за нивно активирање.

- Претплатникот има право да побара префрлување на приклучокот на јавната мрежа на друга локација, во рамките на јавната комуникациска мрежа, во истото или во друго нумерациско подрачје на операторот. Операторот ќе го префрли корисникот на друга локација само ако има текничка можност на новата локација, во спротивно за предвремено раскинување има право да наплати пенал.

- Операторот е должен да превземе технички мерки со кои ќе се заштити целокупната опрема вградена во мрежата од пренапони, атмосферски празнења, кражба и слично за што сноси материјална одговорност. Операторот не сноси одговорност за евентуален пренос на дефект на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила.

- За користење на услугите од тековниот месец, Операторот се обврзува да изготви фактура (сметка) за Претплатникот и да му ја достави најдоцна до крајот на наредниот месец.

- Операторот има право да му го оневозможи користењето на услугата на Претплатникот без предупредување доколку истиот предизвикува голема материјална или оперативна штета на Операторот.

- Со потпишуаање на овој договор, Претплатникот има обврска навремено да ги плаќа фактурираните износи за користени јавни комуникациски услуги, во рокот наведен во фактурата (сметката).
Непримањето на фактурата (сметката) не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати долгот на време.

- Во случај на раскинување на овој Договор, од кои било причини, како и во случај на престанок на важноста на Договорот, Претплатникот се обврзува да му овозможи на Операторот да ја демонтира и врати терминалната опрема која е во сопственост на Операторот.
Доколку Претплатникот ја предаде оштетена терминалната опрема која е во сопственост на Операторот, Претплатникот се обврзува да плати надомест на штета за истата согласно ценовникот на Операторот без ДДВ. Доколку Претплатникот воопшто не ја предаде терминалната опрема, која е во сопственост на Операторот, истиот се обврзува да плати за истата согласно Ценовникот на Операторот.

## Член 5

Начин на плаќање

-Претплатникот се обврзува да ја плати доставената фактура (сметка) од Операторот во рок од 5 дена од доставувањето. Доколку Претплатникот не добие сметка во предвидениот рок согласно Договорот, истиот е должен да побара препис од Операторот и истата да ја плати веднаш.

-Рокот за доставување на сметката на корисникот е од 1 до 30 во месецот за кој се дава услугата, којашто сметка се однесува за тековниот месец. Корисникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го уплаќа редовно во просториите на Т.Р.Д. „СПАЈДЕР" од 1-ви до 15-ти во месецот, за тековниот месец на име месечна такса. КО го задржува правото за промена на висината на месечниот надомест во зависност од пазарните услови.

- Операторот може да ги менува условите од претплатничкиот договор по претходно писмено известување на претплатникот.

- Операторот треба да го извести претплатникот за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине догоеворот доколку не се согласува со предложените измени.

-Известувањето од ставот (1) на овој член треба да биде во пишана форма и треба особено да содржи:

- Име или назив на претплатникот;
- Адреса на претплатникот;
- Претплатнички број;
- Број на претплатничкиот договор;
- Сите предложени измени на договорот;
- Информација за правото дека без известување или последици може да го раскине договорот

Се смета дека корисникот ги прифатил изменетите услови доколку по приемот на известувањето продолжи со користење на услугата и во наредниот месец.

-Доколку операторот не постапи според погоренаведените одредби, во овој член, тоа нема да го ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

-Доколку корисникот не го уплати месечниот надоместок во рокот утврден погоре во овој договор, операторот е должен писмено да го предупреди корисникот, при што ќе му определи рок во кој е должен да го плати долгот. Во спротивно ќе биде исклучен.

- Корисникот не смее да приклучи друг корисник на својот приклучок, ниту својот приклучок може да го продаде, односно да го отстапи на трето лице. Доколку дојде до промена на сопственоста на станот, корисникот е должен веднаш да го извести Операторот за настанатата промена во рок од 5 дена. Во таков случај:

-Корисникот е должен да ги подмири своите обврски кон Операторот

-Доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на КО, се склучува нов договор без надомест за приклучна такса.

Операторот на претплатниците им ги враќа наплатените парични средства во следните случаи:

-во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги, операторот врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана, доколку прекинот трае подолго од три часа. Пресметаниот износ, за целото времетраење на ограничувањата или прекините ќе биде одбиен во наредната фактура на сите претплатници кај кои постоело ограничување или прекин, без тоа да биде побарано од страна на претплатниците за фиксна комуникациска мрежа, а по основано барање на претплатниците за мобилна комуникациска мрежа;

- во други случаи на основан приговор од страна на претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот за користени електронски комуникациски услуги, доколку ги има намирено своите долгови, во висина на погрешното задолжување со вкалкулираиа законска казнена камата;

- во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средстеа што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот.

## Член 6

**Завршни одредби**

-Операторот е должен врз основа на писмено барање на Корисникот да му овозможи привремен прекин на услугите. Барањето се однесува на пропишан образец најкасно три дена пред отпочнување на нов календарски месец. Времениот прекин не може да трае помалку од 1 месец, ниту повеќе од 3 месеци. Доколку приклучокот се стави во мирување пред истекот на договорот, истиот се продолжува за исто толкав период колку што самиот претплатник барал прекин на услугата. Во спротивно должен е да ги исплати месечните претплати до истекот на договорот согласно условите во договорот.

-Корисникот има право на приговор против одлуките или активностите на операторот. Приговорот се однесува во рок од 15 дена од денот на приемот иа одлуката, односно од започнување на активиостите кои се предмет на приговорот. Во случај на поднесен приговор во врска со износот на фактурата- сметката, се до донесување на конечната одлука (доколку Претплатникот не поднесе барање за решавање на спор пред АЕК), ако има решавање пред ДЕК тогаш одлуката на АЕК е конечна, Претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на операторот или други достапни начини на плаќање од страна на операторот.Доколку претплатникот поднесе приговор до операторот, а потоа и барање за решавање на спор пред Агенцијата, во врска со износот на сметката, операторот не смее да го исклучи претплатникот сѐ до донесување на конечна одлука.

-Операторот по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на пригоеорот, како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пр.службена белешка за извршената техничка контрола и сл.)

Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот, има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата, да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

Доколку операторот не постапи по приговорот во рокот од 15 дена, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот.

-Секој корисник може да добие информации за остварување на своите права на бесплатниот број на АЕК - "190".

-Пријавувањето на технички пречки од страна на корисникот се врши: во писмена форма, во контакт центарот на Операторот на тел: 034/550100 и 070/218636, директно во просториите на Операторот или по пат на електронска пошта на службената e-mail адреса на операторот info@spider.net.mk

-Во случај на спор по овој Договор ќе решава надлежниот суд во Велес. Овој договор се состои и се потпишува во два (2) исти примероци по еден за секоја од договорените страни.

| Тип на пакет услуги | Рекламирака брзина (download - upload) | Минимална брзина (download/upload) | Цена () |
|---|---|---|---|
| 1.Кабелски интернет | 15 Mbit/s – 1,5 Mbit/s | 5 Mbit/s – 1 Mbit/s | 500 денари |
| 2.Оптички интернет 40<br>3.Оптички интернет 50<br>4.Оптички интернет 100 | 40 Mbit/s – 40 Mbit/s<br>50 Mbit/s – 50 Mbit/s<br>100 Mbit/s – 100 Mbit/s | 30 Mbit/s - 30 Mbit/s<br>30 Mbit/s - 30 Mbit/s<br>50 Mbit/s - 50 Mbit/s | 990 Денари<br>1390 Денари<br>2590 Денари |

**Избор на пакет за услугата**

Претплатникот го избира ____________________ пакет, со брзина на Download во пристапен дел : ________Mbps и брзина на Upload во пристапен дел : ________Mbps, вклучен сообраќај од ________GB и статичка IP адреса за цена од __________ денари.

По надминување на наведениот лимит, брзината се намалува на _______/__________.
Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во договорот заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на Спајдер.

Друштво за радиодифузна дејност „СПАЈДЕР" ДООЕЛ Гевгелија

Оператор

Корисник

Барање бр: ________ датум ________

| 1.ПОДАТОЦИ ЗА ОПЕРАТОРОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Оператор: | Спајдер ДООЕЛ | | | |
| Адреса на операторот: | Ул. Ристо Фршинин бр.5, 1480 Гевгелија, Македонија | | | |

| 2.ПОДАТОЦИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме/ Назив на фирма: | | | | |
| Адреса од ЛК/ Седиште | Улица: | Број: | Влез: | Кат: |
| Поштенски број: | Општина: | Град: | | |
| ЕМБГ/ЕМБС: | | Бр. на ЛК/ЕДБ: | | |
| Потписник на договорот: | □ Законски застапник | □ Овластено лице | □ Лично | |
| Име и презиме на потписникот: | | | | |
| Телефон: | Мобилен: | e-mail: | | |

| 3.ДРУГИ АДРЕСИ | Улица и број: | Општина: | Град: |
|---|---|---|---|
| Адреса на инсталација: | | | |
| Адреса на достава на фактура: | | | |
| Согласност за прием на ф-ра по e-mail: * | | | □ Да □ Не |

*Доколку Претплатникот избере да ја добива фактурата на e-mail адреса, тогаш истата нема да ја добие и по пошта. Претплатникот се согласува да биде известен за било какви промени во врска со услугата која ја користи на e-mail адресата што ја навел во Барањето. Доколку ја промени e-mail адресата, должен е за истото да го извести Операторот.

| 4.ИЗБОР НА ПАКЕТ НА УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ: | | | |
|---|---|---|---|
| Договор на: | □ неопределено време | □ 1 година | □ 2 години |
| Услуга | | | |
| Пакет | | | |

| 5. ПРИЛОЖЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Лична карта/ Пасош | □ | ЛК/Пасош од управителот | □ |
| | | Тековна состојба од ЦРМ и ЗП образец | □ |

| | |
|---|---|
| 6. СЕ СОГЛАСУВАМ и го овластувам Операторот да може да ги обработува и да ги користи моите лични податоци доставени од моја страна во постапката на склучување на Општиот претплатнички договор за пристап и користење на комуникациските услуги на Операторот, како и во понатамошната постапка за остварување на целите од овој Договор, а во согласност со основот за нивно чување и обработување, Законот за заштита на лични податоци, Законот за електронските комуникации и другите релевантни законски, подзаконски и интерни акти. Со селектирање на полето, ја потврдувате согласноста. | □ ДА<br>□ НЕ |
| 7.СЕ СОГЛАСУВАМ на мојот телефонски број и електронска пошта да примам информации за промоции поврзани со услугите на Операторот. Со селектирање на полето, ја потврдувате согласноста. | □ ДА<br>□ НЕ |
| 8.ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД МАКЕДОНСКО КРЕДИТНО БИРО (МКБ)<br>СЕ СОГЛАСУВАМ Спајдер ДООЕЛ Гевгелија, да добие извештај од МКБ за фактичката состојба на моите обврски исклучиво за горенаведената цел и за времетраењето на истата. Видови извештаи: 1) Минимален извештај; 2) Извештај за пристигнати ненаплатени обврски; 3) Основен извештај; 4) Детален извештај за обврска; 5) Збирен извештај; 6) Мониторинг извештај. Изјавата може да се повлече со посебна писмена изјава за повлекување. | ____________<br>Согласен:<br>Име и презиме/потпис/печат |

**10. Прифаќање на одредбите и условите на Операторот**

Информиран/а сум во врска со нив и ги прифаќам:

а) Одредбите од Договорот и Општите услови за засновање на претплатнички однос и користење на услугите на Спајдер ДООЕЛ објавени на неговите продажни места;

б) Ценовникот на Спајдер ДООЕЛ објавен на неговите продажни места.

в) Покриеноста со сигнал и мрежа од страна на Спајдер-нет ДОО, особено во моето резидентно подрачје.

Изјавувам дека сите наведени податоци се точни и вистинити и се согласувам Спајдер ДООЕЛ да ја провери мојата платежна способност. Информиран/а сум за моите права, обезбедени во согласност со законските одредби, како и со изјавата за приватност на Спајдер ДООЕЛ.

Непознавањето на условите не го ослободува Претплатникот од одговорноста за нивно непочитување.

*Барањето е предмет на одобрување од страна на Операторот

| ОПЕРАТОР Спајдер ДООЕЛ: | ПРЕТПЛАТНИК |
|---|---|
| За операторот по овластување: | Име и презиме/ Назив на фирма: |

СПАЈДЕР